Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

Факултет за информатика

# Годишна програма за работа на Факултетот за информатика за 2019 година

Јануари, 2019

# Содржина

1. Вовед ..... 3
2. Уписна политика ..... 4
3. Наставно-образовна дејност ..... 4
4. Наставен кадар ..... 5
5. Управување со квалитет ..... 5
6. Студентите на Факултетот за информатика ..... 6
7. Научноистражувачка дејност ..... 6
8. Меѓународна соработка ..... 7
9. Апликативна дејност и соработка со стопанството ..... 7

## 1. Вовед

Факултетот за информатика, како новооснован факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, започна со работа во академската 2018/2019 година. Запишувањето на студенти на Факултетот за информатика, како првпат запишани, така и трансфер од други универзитети, претставува врвен приоритет со цел да се обезбеди одржливост и развојност на факултетот. Тоа наметнува потреба од квалитетна понуда во образовниот процес, заснована не само на атрактивната студиска програма по софтверско инженерство, туку на понуда на сеопфатен образовен систем кој ќе вклучи специјализирани курсеви кои се високо барани на пазарот на трудот (проследени со издавање соодветни лиценци/сертификати, согласно можностите на Универзитетот), соработка со информатички компании за реализација на платена пракса за студентите од повисоките години, овозможување студиски престој на универзитети од странство и понуда на различни финансиски пакети за студирање, прилагодени на потребите на една поширока класа потенцијални студенти во однос на постојната, конкурентни со факултетите што профилираат информатички кадар од другите универзитети.

Затоа, една од главните задачи на Деканот и на Деканатската управа, заедно со Ректорот и Ректорската управа, ќе биде донесување на сет на мерки и активности за остварување на основната цел – упис на поголем број на студенти. Во овој процес, најважно е да се посвети особено внимание на осмислување на таква уписна кампања со која ќе се оствари висок степен на видливост и присутност на Факултетот за информатика во пошироката јавност и негово промовирање како факултет кој нуди врвен квалитет на кадарот што го образува.

Работата на Факултетот за информатика ќе биде заснована на:

- Законот за високото образование;
- Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје;
- Останатите акти на Универзитетот и Факултетот кои се однесуваат на внатрешната организација и работењето.

## 2. Уписна политика

За студентот да направи правилен избор, треба добро да ги познава понудените можности. Заради тоа, неопходно е да се преземат неколку комплементарни активности:

- повисоко ниво на информирање на идните, потенцијални студенти (Фејсбук кампања, флаери, билборд, веб страна, отворени денови, кратки реклами на локални радија,...);
- соработка со компаниите кои вработуваат кадар од овој профил (договори за соработка, платена пракса и стипендирање на одреден број на студенти);
- зајакнување на соработката со средните училишта (организирање отворени денови за матурантите, комуникација со наставници кои ќе го афирмираат Факултетот, реализација на тематски предавања/кратки курсеви за средношколците кои ќе ги спроведе академскиот кадар, односно стручњаци од практиката, осмислување информатички натпревар,...)
- стимулации од страна на Факултетот за најдобрите студенти.

## 3. Наставно-образовна дејност

Основна задача на Факултетот е наставно-образовната дејност. Факултетот ќе ја развива истата согласно акредитираните студиски програми и Европскиот кредит-трансфер систем во високото образование, базирајќи се на веќе воспоставените правила на студирање на Универзитетот, со вклучување на спецификите на студиското подрачје. Тоа подразбира:

- негување на системот за акумулација на поени и кредити;
- користење иновативни наставни методи;
- осовременување на литературата која многу динамично се менува во студиското подрачје на информатичките науки;
- проблемски и апликативен пристап во наставата;
- индивидуализација на наставата;
- вклучување на експерти од практиката во образовниот процес;
- остварување мобилност на европскиот простор на високото образование и вработливост на европскиот пазар на трудот.

Притоа, императив е обезбедувањето на неопходниот софтвер за реализација на студиската програма.

## 4. Наставен кадар

На факултетот имаат засновано работен однос вкупно пет наставници, од кои два се редовни професори, два се вонредни професори и еден е доцент.

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Проф. д-р Симе Арсеновски | Редовен професор |
| 2 | Проф. д-р Лидија Горачинова-Илиева | Редовен професор |
| 3 | Проф. д-р Славчо Чунгурски | Вонреден професор |
| 4 | Проф. д-р Билјана Стојчевска | Вонреден професор |
| 5 | Доц. д-р Ана Секуловска-Јовковска | Доцент |

Сразмерно со зголемувањето на бројот на наставни предмети што ќе се реализираат во претстојните два семестри, се планира вклучување на повеќе наставници избрани во насловни звања и помлад кадар – асистенти.

Во насока на поддршка на професионалното напредување и надградување на кадровскиот потенцијал на Факултетот за информатика, ќе се следи принципот за препознавање и привлекување на студентите со натпросечни резултати во студирањето во проектни и вонваставни професионални активности на Факултетот, како и со утврдувањето статус на „талентиран и надарен студент“ на студенти кои покажале извонредни резултати во текот на студиите.

За постојниот наставен кадар, се предлагаат стимулативни мерки за учество на домашни и меѓународни конференции преку покривање на трошоците за котизација и патување, публикувањето трудови во научно–стручни списанија, членувањето во професионални здруженија и организации, како и подобрувањето на целокупната работна клима.

Исто така, ќе се настојува преку користење на надворешни средства за мобилност, да се поддржат научните престои и размената на кадровскиот потенцијал со сродни институции на домашно и на меѓународно ниво.

## 5. Управување со квалитет

Политиката и системот за обезбедување и оценување на квалитетот ќе се имплементираат преку:

- студентски анкети за квалитетот на студиските програми и наставниот кадар;

- следење на успешноста на студентите во текот на студиите, времето потребно за релизација на студентските обврски и стекнатите компетенции;
- анкетирање на завршени студенти во продолжувањето на нивната кариера на пазарот на трудот заради увид и координација во насока на подобрување на студиските програми и одржување контакти.

# 6. Студентите на Факултетот за информатика

Голем дел од работата и понатаму ќе биде насочен во реализација на потребите на студентите, а во прв ред:

- унапредување на наставата;
- овозможување на пракса во ИТ компании;
- поддршка на формите на студентско организирање;
- активна комункација со студентите по однос на изведувањето на наставата и повратните информации за квалитетот и недостатоците во наставниот процес;
- поддршка за остварување мобилност на студентите;
- активно вклучување на студентите од повисоките години во изведувањето на лабораториски вежби од пониските години со цел пренесување на знаењето од студент на студент;
- стимулирање на учеството на студентите во научно-истражувачката работа, особено на студентите од вториот циклус на студии.

# 7. Научноистражувачка дејност

Во овој домен, акцентот ќе биде ставен на следниве активности:

- стимулирање на кадарот за поуспешна научноистражувачка работа, обезбедување буџет за патувања на конференции и објавување на трудови во списанија;
- обезбедување на ресурси за научноистражувачка работа преку аплицирање за средства за научни проекти од МОН и учество во заеднички апликативни проекти со ИТ компаниите и други институции;
- интензивирање на соработката со научните работници од други факултети и универзитети;

- поголема застапеност на студентите (посебно од повисоките години) во научноистражувачките активности;
- ќе се настојува да се оствари коорганизирање на барем една меѓународната научна конференција од обласа на информатичките науки и нивна примена;
- соработка со кадарот од другите факултети при УТМС за пишување на научни трудови со интердисциплинарен карактер за објавување во меѓународното научно списание UTMS Journal of Economics;
- соработка со компании на истражувачки и развојни проекти;
- навремена подготовка на сите потребни документи неопходни за аплицирање за меѓународни проекти и организирање на потребни предавања и курсеви;
- административна поддршка при аплицирање и водење на меѓународни проекти.

## 8. Меѓународна соработка

Со помош на Универзитетот, ќе се идентификуваат потенцијалните факултети, универзитети и компании со кои Факултетот за информатика може да остварува соработка. Особена задача ќе биде да се подигне нивото на конкурентност на Факултетот за аплицирање во европските научноистражувачки програми.

## 9. Апликативна дејност и соработка со стопанството

Апликативната дејност и соработката со стопанството ќе се реализира и преку:

- следење на трендовите на пазарот каде што ќе се бара експертско знаење и учество на нашите вработени;
- иницирање и развивање тренинг-семинари, работилници и курсеви за заинтересирани стопански субјекти со што ќе се остварува директен приход и ќе се мотивираат стручните кадри од стопанството за продолжување и надградување на едукацијата и/или соработката со нашиот Факултет (постдипломски студии, студентски работни групи, учество во проекти и сл.).